JAВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDЕRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-2481/20
Дата, Data 13-05-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.4/2026 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија, в.д директорот на претпријатието донесе

**О Д Л У К А**
за неизбор на кандидат

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија на ден 09.04.2026 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води – 1 (еден) извршител, не се врши избор на кандидат.

**Член 2**

Одлуката за неизбор на кандидати е извршена во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-2481/12 од 07.05.2026 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-2481/16 од 08.05.2026 година, по Јавен оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Одлуката за неизбор да се достави до кандидатот и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 4**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

Образложение

Со одлуката арх.бр.0401-2481/1 од 01.04.2026 година донесена од в.д директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.4/2026 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води – 1 (еден) извршител.

Јавниот оглас бр.4/2026 беше објавен на ден 09.04.2026 година во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 07.05.2026 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води, се пријавил вкупно 1 (еден) кандидат.

Комисијата ги разгледа документите од кандидатот Марија Александрова при административната селекција утврди дека апликацијата бр.0401-2481/2 од 14.04.2026 е уредна.

По спроведено интервју со кандидатот Марија Александрова , Комисијата за селекција на кандидати по направен увид во доставените документи утврди дека кандидатот не ги исполнува посебните услови од огласот од причина што нема најмалку 3 години работно искуство во струката. Комисијата изготви Записник арх.бр.0401-2481/16 од 08.05.2026 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатот со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на в.д директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на однесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот

на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 09.04.2026 година во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија, да донесе Одлука за неизбор на кандидат за работно место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатот
- Сектор човечки ресурси x 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
в.д Директор,
м-р Иван Митровски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
NDERMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP